# ПАРТНЕРСТВА ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ

Времетраење: Јануари 2023 - Јануари 2028

УСАИД финансирање: $ 5.5 милиони

Имплементатор: Паладиум Интернешнл

## ПОЗАДИНА

Микро, малите и средните претпријатија (ММСП) доминираат во економијата во Северна Македонија; 96 проценти од сите компании во земјата се ММСП и се одговорни за 74 проценти од вкупниот број на вработени во државата. И покрај тоа, нивната продуктивност е 80 проценти под просекот во Европската унија и тие имаат потешкотии со инвестиции во иновации и модернизација како и со искористување на продуктивниот талент во државата. Препознавајќи ја клучната улога на ММСП за брз, одржлив и сеопфатен економски раст, УСАИД инвестира во партнерства со цел да се зголеми продуктивноста и конкурентноста на ММСП како и да се подобри интегрирањето на претпријатијата во регионалните пазари.

## ОПИС НА ПРОГРАМАТА

Активноста соработува со партнери со цел да ги зголеми растот, вработувањата и продуктивноста на микро, малите и средните претпријатија (ММСП) во Северна Македонија преку:

- вложување (коинвестирање) средства, експертиза и технологии со цел модернизирање, подобрување на управувањето и развој на професионални вештини.
- зголемување на финансирањето преку достапни и алтернативни извори на финансирање и подобрување на подготвеноста на ММСП за инвестирање; застапување и лобирање преку платформа за јавно-приватен дијалог.

Во партнерство со локална организација, Активноста исто така ќе работи и на олеснување на постоечките трговски бариери и ограничувања со цел да се изгради погодна средина за регионална економска трговија и интеграција.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ВЛИЈАНИЕ

- Зголемување на продуктивноста на ММСП.
- Подобрен финансиски менаџмент во ММСП кој ќе им овозможи пристап до финансии.
- Јавно-приватен дијалог насочен кон совладување на предизвиците и препреките за раст на ММСП.
- Погодно деловно опкружување за регионална економска интеграција.

## ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТАКТ


УСАИД Северна Македонија контакт: Kristina Deriban kderiban@usaid.gov

Директор на активност: Dejan Janevski dejan.janevski@thepalladiumgroup.com

Специјалист за комуникации: Delijan Uzunov delijan.uzunov@thepalladiumgroup.com

www.thepalladiumgroup.com +389 2 31 18 299 Veljko Vlahovic 31-1/3, 1000, Skopje, North Macedonia

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE | IDEAS DePo IDEAS for Development Policies | Palladium MAKE IT POSSIBLE

# КОМПОНЕНТА 4: ПОДОБРЕН ПРОЦЕС НА РЕГИОНАЛНА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА

## ПРЕГЛЕД

Во изминатиот период Северна Македонија работи на зајакнување на економскиот раст преку поттикнување на извозот и позиционирање на домашните деловни субјекти како стабилни партнери на компаниите во ЕУ кои се усогласени со европските и глобални пазарни и трговски стандарди. Воедно, како мала и отворена економија, земјата се соочува со ограничени можности за активно и интензивно учество во меѓународните трговски текови. Поради ова, Северна Македонија активно работи на промовирање на регионалната соработка со земјите од Западен Балкан преку која ги зголемува деловните можности за своите компании и придонесува кон заедничката цел за развој на регионот. Иако регионалното интегрирање во рамките на CEFTA и на останатите иницијативи за Западен Балкан нудат големи економски предности, сеуште постојат значителни економски и политички бранувања помеѓу земјите од регионот. Затоа, особено е важно и јавниот и приватниот сектор да веруваат дека одлуките кон понатамошно економско интегрирање на регионот се засновани врз солидни докази, а не се резултат на краткорочни политички размислувања и влијанија.

Активноста ја спроведува компонента 4 во соработка со Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо. Преку компонентата, ќе се обезбеди техничка помош за зајакнување на процесите за регионално економско интегрирање на Северна Македонија. Во таа насока, Активноста ќе ги поддржува правните и институционалните реформи насочени кон подобрување на условите за надворешно-трговска соработка во регионот и олеснување на движењето на стоките преку границите. Поддршката ќе биде усогласена со обврските на Северна Македонија како членка на Светската трговска организација и ќе придонесува кон стратешките процес на усогласување на македонската економија со стандардите и легислативата на ЕУ.

## АКТИВНОСТИ НА КОМПОНЕНТА 4

Конкретните активности кои се дел од компонента 4 ќе бидат утврдени и дефинирани во консултација со релевантни чинители од јавниот и приватниот сектор. Во рамки на компонента 4, Активноста ќе соработува со следните субјекти:

- **Државни институции клучни за спроведување на реформите за регионална интеграција**.
  - Обезбедување поддршка преку обуки и работилници насочени кон зајакнување на нивниот капацитет за спроведување на реформи и споделување информации со приватниот сектор.
- **Организации на приватниот сектор - комори, здруженија и слични асоцијации.**
  - Координација и зајакнување на напорите за поддршка на процесот на регионално економско интегрирање на приватниот сектор.
- **Регионални и билатерални донатори** кои ја поддржуваат регионалната економска интеграција на Северна Македонија.
  - Координација во насока на создавање на можности за соработка и партнерство.
- **Регионални и меѓународни организации** одговорни за создавање и промоција на стандардите за олеснување на трговијата на регионално и глобално ниво.
  - Идентификување на можности за соработка.

ДА ИЗРАЗИТЕ ИНТЕРЕС ЗА ПАРТНЕРСТВО ИЛИ ДА ДОБИЕТЕ ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ КОНТАКТИРАЈТЕ ЈА ГОРДАНА ТОШЕВА НА GORDANATOSEVA@IDEASDEPO.MK ИЛИ НА +38970388124